ГРАД СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| **ПРЕДЛАГАЧ:** | Градоначалник на Град Скопје |
| **ИЗГОТВУВАЧ:** | Сектор за јавни дејности, Одделение за култура |
| **ПРЕТСТАВНИК:** | Тања Балаќ, Раководител на Сектор за јавни дејности |

# П Р Е Д Л О Г - П Р О Г Р А М А

за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2022 година

Скопје, февруари 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36, став 1, од Законот за локалната самоуправа, (Сл. Весник на РМ бр.02/02) и член 10 став 1 точка 5 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на РМ“ бр. 55/04 и 158/11), а во врска со член 7 став 3 од Законот за културата (Сл. Весник на РМ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61,15, 154/15, 39/16 и 11/18) Советот на Град Скопје на __- та седница, оддржана на __.__.2022 година, донесе

# ПРОГРАМА

за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2022 година

## I. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на оваа Програма се активностите што ќе се реализираат во текот на 2022 година, а преку кои што ќе се имплементираат надлежностите на Градот Скопје во областа на културата и ќе се дефинира локалниот интерес во културата. Со оваа Програма е опфатено финансирањето и работата на јавните установи од областа на културата чиј основач е Град Скопје, како и реализација на проекти што ќе бидат реализирани од страна на други физички и правни лица од областа на културата кои што делуваат на подрачјето на Град Скопје во областа на културата, а кои ќе бидат избрани по пат на јавни повици или постапка за јавни набавки.

Град Скопје во рамките на своите надлежности во областа на културата согласно Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16), посебните закони од областа на културата: Закон за музеите („Службен весник на Република Македонија бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 103/21), Закон за библиотеките („Службен весник на Република Македонија“, бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/2011, 88/15, 152/15 и 39/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 122/21), Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), Законот за установите („Службен весник на Република Македонија“ бр 32/05,120/05 и 51/11) Законот за Град Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04 и 158/11) има право да:

- Дава институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти од значење за Град Скопје;
- Врши негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности;
- Организира манифестации од областа на културата, поттикнува разновидни специфични форми на творештво и
- Одбележува настани и личности од значење за општината.

## II. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел на Програмата за финансирање на активностите од областа на културата од интерес на Градот Скопје за 2022 година, е да го дефинира локалниот интерес во културата преку поддршка на современи и нови форми на делување во областа на културата и уметноста, поддршка на веќе потврдените вредности во културата и уметноста, поддршка и поттикнување на различните форми на традиционални изразувања на граѓаните на град Скопје, промоцијата на културното наследство, работата на јавните установи во надлежност на Град Скопје и други активности во рамките на законските овластувања.

- Град Скопје ќе го остварува локалниот интерес во културата во текот на 2022 година и преку обезбедување на институционална и логистичка поддршка на активностите кои поттикнуваат меѓународна и меѓуопштинска соработка во областа на културата со разни меѓународни и домашни субјекти од областа на културата, локални самоуправи, национални управни тела и други сродни организации,
- Град Скопје, исто така, може да го остварува локалниот интерес во културата во 2022 година и преку обезбедување на логистичка и институционална поддршка на проекти и активности на други чинители од областа на културата кои не се финансирани преку Буџетот на Град Скопје за 2022 година, доколку се утврди дека се од посебен интерес и значење за градот Скопје,
- Просторот во 8-те установи од областа на културата во сопственост на Град Скопје, во термините што установите не го користат за реализација на сопствената програма, може да се отстапи за користење на субјекти чии програми и активности се дел од оваа Програма, по предходно добиено мислење од Градот Скопје.

## III. ФИНАСИРАЊЕ

Финансирањето на локалниот интерес во културата се врши од Буџетот на Град Скопје и од Буџетот на Република Северна Македонија преку Буџетот на Град Скопје и тоа преку наменска блок-дотација во износ од **171.947.000 денари,** во што се вклучени платите, тековните трошоци и програмите. За подмирување на тековни трошоци и програми блок дотацијата е распределена на следниот начин и тоа: Програма К1-Библиотечна дејност – 4.894.117 денари, К2 - Музичко-сценска дејност –

7.892.310 денари, К3 - Музејска и кинотечна дејност – 4.160.573 денари и од Буџетот на Град Скопје преку: Програма К4 - Културни манифестации и творештво денари – 55.127.000 денари, К2- Музичко-сценска дејност – 1.300.000 денари, Програма КА0 – Културни манифестации и творештво (капитални расходи) – 35.540.000 денари, Програма ЈО – 500.000 денари и Програма JN0- 2.000.000 денари.

**За остварување на локалниот интерес во културата од Буџетот на Град Скопје за 2022 година се предвидени вкупно 266.414.000 денари**

Финансирањето на локалниот интерес во културата на Град Скопје, како и реализацијата на оваа програма ќе се одвива преку три (3) програмски сегменти:

**А) Финансирање на јавните установи од областа на културата,**

**Б) Финансирање на манифестации, проекти и творештво преку кои што се остварува локалниот интерес во културата,**

**В) Финансирање на капитални инвестиции во културата.**

***А) Финансирање на јавните установи од областа на културата***

Со програмата за финансирање на културата опфатено е финасирањето на осум (8) јавни установи од областа на културата чиј основач е Град Скопје: ЈУ Младински културен центар, ЈУ Зоолошка градина, ЈУ „Универзална сала“, ЈУ Музеј на град Скопје, ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“, ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин“, ЈУ Детски културен центар „Карпош“ и ЈУ Културно информативен центар.

За реализирање на функцијата и дејноста на јавните установи од областа на културата, преку блок-дотацијата, во Буџетот на Град Скопје за 2022 година рапределена во програмите К1, К2 и К3 се издвојуваат средства во висина од 16.947.000 денари. Со овие финансиски средства, ќе се оствари подмирување на тековно - оперативните расходи на установите (парно греење, електрична енергија, вода, трошоци за комуникација, транспорт и друго) и тоа:

| ИМЕ НА УСТАНОВА | К1 Библиотечна дејност | К2 Музичко и сценско-уметничка дејност | К3 Музејска и кинотечна дејност | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| ЈУ Библиотека „Браќа Миладиновци“ | 4.894.117 | / | / | 4.894.117 |
| ЈУ Младински културен центар | / | 4.504.086 | / | 4.504.086 |
| ЈУ Културно информативен центар | / | 1.413.120 | / | 1.413.120 |
| ЈУ „Универзална сала“ | / | 500.000 | / | 500.000 |
| ЈУ Дом на култура „Кочо Рацин“ | / | 766.464 | / | 766.464 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЈУ ДКЦ „Карпош“ | / | 708.640 | / | 708.640 |
| ЈУ Музеј на град Скопје | / | / | 2.037.000 | 2.037.000 |
| ЈУ Зоолошка Градина | / | / | 2.123.573 | 2.123.573 |
| **СЕ ВКУПНО** | **4.894.117** | **7.892.310** | **4.160.573** | **16.947.000** |

***Б) Финансирање на манифестации, проекти и творештво преку кои се остварува локалниот интерес во културата,***

Оваа програма се финансира преку Програма К4 - Културни манифестации и творештво, Програма К2 – Музичко сценска дејност и Програма Ј0, со вкупен износ од 56.927.000 денари.

Во оваа програма влегуваат активности, манифестации, творештво, фестивали и проекти од областа на културата како дел од програмските активности што ќе се реализираат од страна на јавните установите од областа на културата, чиј основач е Град Скопје, но и програми чие остварување ќе биде во надлежност на Секторот за јавни дејности -Одделение за култура, а ќе се реализираат од страна на други чинители избрани по пат на соодветна постапка и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| 1. ЈУ Младински културен центар **14.400.000 денари** | Работа и дејност на Градското кино „Милениум“ | 6,000,000 |
| | Едукативни проекти за деца и млади | 100.000 |
| | Ликовна програма | 700.000 |
| | „Млад отворен театар 2022“ | 1.500.000 |
| | Филмска програма | 1.000.000 |
| | Ансамбли на МКЦ | 2.000.000 |
| | „Градски летен парк“ | 1.100.000 |
| | Музичка програма | 1.800.000 |
| | Литературна програма | 200.000 |
| 2.ЈУ Културно информативен центар **5.027.000 денари** | „Звуци на чаршијата“ | 1.750.000 |
| | Реализирање на мултикултурна и мултимедијална манифестација „Сите заедно, за сите поубаво“ | 560.000 |
| | Ликовна дејност | 800.000 |
| | Литературна дејност | 367.000 |
| | Музичка дејност | 600.000 |
| | Скопје култ | 950.000 |
| 3. ЈУ Музеј на град Скопје **4.900.000 денари** | Визуелни уметности | 800.000 |
| | Финансирање на проекти од областа на музејската дејност | 3.070.000 |
| | Меѓународни гостувања | 300.000 |
| | Издавачка дејност | 130.000 |
| | Оддбележување на „26 Јули“ - Денот на катастрофалниот земјотрес во Скопје во 1963 година | 300,000 |
| | Оддбележување на „13 Ноември“ | 300.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. ЈУ „Универзална сала“ **7.000.000 денари** | „Фестивал на светлината“ | 1.000.000 |
| | „Бела ноќ 2022“ | 1.000.000 |
| | Скопје Европски град на културата 2028 | 5.000.000 |
| 5. ЈУ Детски културен центар „Карпош“ **4.830.000 денари** | Распеани детски хорчиња | 200.000 |
| | „Оро без граници“ | 450.000 |
| | Меѓународен натпревар по класична гитара „Тремоло 2022“ | 1.200.000 |
| | Работилници за креативно менторство | 400.000 |
| | Инструментите на моите предци | 300.000 |
| | Развиваме и градиме млади таленти (работилници) | 150.000 |
| | Музичко едукативен проект „ЗОО Азбука“-4 | 500.000 |
| | Фестивал на класичен балет и модерен танц | 300,000 |
| | Читачки маратон | 180.000 |
| | Фестивал на детската креативност „Трамболини“ | 1.000.000 |
| | Меѓународни гостувања | 150.000 |
| 6. ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин“ **1.800.000 денари** | „Денови“ – Литературна манифестација посветена на Кочо Рацин | 180.000 |
| | Изложби на визуелни уметници | 500.000 |
| | Денови на албанска азбука | 180.000 |
| | Мултикултурни фолклорни средби | 250.000 |
| | Аматерска театарска претстава | 120.000 |
| | Литературна дејност | 430.000 |
| | Едукативни работилници | 140.000 |
| 7. ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ **2.870.000 денари** | Набавка на книжен фонд | 2.500.000 |
| | Програмски активности и манифестации | 170.000 |
| | Меѓународна програма | 200.000 |
| 8. Програми и проекти по распишан Јавен повик за 2022 година | | 13.300.000 |
| 9. Одржување на детски едукативни просторни инсталации во сопственост на Град Скопје | | 500.000 |
| 10. ЈУ ДКЦ „Карпош“ - „Подмирување на адвокатски и судски трошоци и оштета“ | | 1.000.000 |
| 11. ЈУ Универзална сала - „Средства за тековно одржување на установата“ | | 300.000 |
| 12. Фестивал на креативни индустрии „Скопје креатива“ | | 1.000.000 |

**В*) Финансирање на капитални инвестиции во областа на културата***

Со оваа Програма ќе се реализираат и остварат капиталните инвестиции на Град Скопје во културата,  градежни и инфраструктурни активности и набавка на опрема во јавните установи од областа на културата чиј основач е Град Скопје, но и капитални инвестиции во културата чие што остварување ќе биде во надлежност на Одделението за култура при Секторот за јавни дејности, а ќе се реализираат од страна на економски оператори избрани со соодветна постапка.

Вкупна сума предвидена за оваа програма е **37.540.000 денари** распределени во **Програмата КА–Културни манифестации и творештво (Капитални расходи**) - 35.540.000 денари и Програма JN0 – 2.000.000 денари, во кои влегуваат следните активности:

| Бр | Носител | Име и опис на проектот | Сума |
|---|---|---|---|
| 1.Доплата за изградба на Летна отворена сцена | | | 10.000.000 |
| 2. Детски едукативни забавни инсталации | | | 2.000.000 |
| 3.ЈУ Градска библиотека „Б. Миладиновци | | Опремување на Градската библиотека со нова современа компјутерска опрема и агрегатор | 1.453.930 |
| 4. ЈУ Градска библиотека „Б. Миладиновци | | Ревитализација на библиотечните објекти и набавка на нов инвентар | 1.798.000 |
| 5. ЈУ Музеј на град Скопје | | Замена на прозори и врати на канцеларии на третиот кат на објектот на Музеј на град Скопје | 1.132.000 |
| 6. ЈУ Музеј на град Скопје | | Реновирање на тоалетите | 1.000.000 |
| 7. ЈУ Музеј на град Скопје | | Конзервација на споменикот на земјотресот на објектот на Музеј на град Скопје | 600.000 |
| 8. ЈУ Музеј на град Скопје | | Реновирање и опремување на музејски депоа за чување и заштита на етнолошки музејски материјал | 2.506.000 |
| 9. ЈУ Дом на култура „Кочо Рацин“ | | Реконструкција на фоајето на објектот | 1.000.000 |
| 10. ЈУ ДКЦ „Карпош“ | | Санација и реконструкција на сутерен и на спрат во објектот | 3.450.000 |
| 11. ЈУ ДКЦ „Карпош“ | | Изработка на основен проект за санација и реконструкција | 150.000 |
| 12. ЈУ Младински културен центар | | Хидроизолација на дел од покривна површина на објектот за заштита од протекувања во централниот дел на објектот | 300.000 |
| 13. ЈУ Младински културен центар | | Замена и санација на дефекти на линии за парно греење и централна парно подстаница | 300.000 |
| 14. ЈУ Младински културен центар | | Ентериерни - гипсарски и молерофарбарски - интервенции во објектот | 600.000 |
| 15. ЈУ Младински културен центар | | Изведба на електронска громобрана мрежа | 450.000 |
| 16. ЈУ Младински културен центар | | Ентериерно санирање и уредување на кино Милениум | 1.400.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 17. ЈУ Младински културен центар | Хемиско чистење на канали за вентилација и климатизација | 250.000 |
| 18. ЈУ Културно информативен центар | Молерисување на работните простории | 250.000 |
| 19.ЈУ Културно информативен центар | Набавка на компјутерска опрема за вработените | 700.000 |
| 20. ЈУ Зоолошка градина | Реновирање со адаптација на административната зграда (менување на еко прозори, застаклување на скали, нова еко фасада) | 4.000.000 |
| 21. ЈУ Зоолошка градина | Поставување на разгласни системи и видео мониторинг во Градината | 1.200.000 |
| 22. ЈУ Зоолошка градина | Санација на кровови на живеалиштата на животните | 3.000.000 |

## III. **Завршни одредби**

Градоначалникот на Град Скопје се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма.

Секторот за јавни дејности – Одделението за култура ја изготвува оваа Програма и го следи нејзиното спроведување.

Комисијата за култура на Советот на Град Скопје дава иницијативи и мислења во врска со оваа Програма.

За утврдената годишна програма и за финансиските средства за нејзина реализација, Град Скопје и носителите на проектите - корисници на средства од Буџетот на Град Скопје за 2022 година склучуваат договори.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески,
________________

Број __________
___________2022 година
Скопје

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 36, став1, од Законот за локалната смопуправа, (Сл. Весник на РМ бр.5/02), член 7, став 3 од Законот за културата (Сл.

Весник на РМ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11 и 51/11) и член 10, став 1, точка 5 од законот за Град Скопје (55/04 158/11), Советот на Град Скопје носи Програма за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2022 година.

Предмет на оваа Програма се активностите што ќе се реализираат во текот на 2022 година, а преку кои што ќе се имплементираат надлежностите на Градот Скопје во областа на културата и ќе се дефинира локалниот интерес во културата. Со оваа Програма е опфатено финансирањето и работата на јавните установи од областа на културата чиј основач е Град Скопје, како и реализација на проекти што ќе бидат реализирани од страна на други физички и правни лица од областа на културата кои што делуваат на подрачјето на Град Скопје во областа на културата, а кои ќе бидат избрани по пат на јавни повици или постапка за јавни набавки.

Град Скопје во рамките на своите надлежности во областа на културата согласно Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16), посебните закони од областа на културата: Закон за музеите („Службен весник на Република Македонија бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 103/21), Закон за библиотеките („Службен весник на Република Македонија“, бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/2011, 88/15, 152/15 и 39/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 122/21), Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Законот за установите („Службен весник на Република Македонија“ бр 32/05,120/05 и 51/11) Законот за Град Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04 и 158/11) има надлежност да: дава институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти од значење за Град Скопје; да врши негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; да организира манифестации од областа на културата, поттикнува разновидни специфични форми на творештво и да одбележува настани и личности од значење за општината.

Програмата за финансирање на активностите од областа на културата од интерес на Градот Скопје за 2022 година има цел да го дефинира локалниот интерес во културата преку поддршка на современи и нови форми на делување во областа на културата и уметноста, поддршка на веќе потврдените вредности во културата и уметноста, поддршка и поттикнување на различните форми на традиционални изразувања на граѓаните на град Скопје, промоција на културното наследство, работата на јавните установи во надлежност на Град Скопје и други активности во рамките на законските овластувања.

Градот Скопје ќе го остварува локалниот интерес во културата во текот на 2022 година и преку обезбедување на институционална и логистичка поддршка на активностите кои поттикнуваат меѓународна и меѓуопштинска соработка во областа на културата со разни меѓународни и

домашни субјекти од областа на културата, локални самоуправи, национални управни тела и други сродни организации.

Исто така, може да го остварува локалниот интерес во културата во 2022 година и преку обезбедување на логистичка и институционална поддршка на проекти и активности на други чинители од областа на културата кои не се финансирани преку Буџетот на Град Скопје за 2022 година, доколку се утврди дека се од посебен интерес и значење за градот Скопје.

Просторот во 8-те установи од областа на културата во сопственост на Град Скопје, во термините што установите не го користат за реализација на сопствената програма, може да се отстапи за користење на субјекти чии програми и активности се дел од оваа Програма, по предходно добиено мислење од Градот Скопје.

Со програмата за поддршка на културата опфатено е финасирањето на 8-те јавни установи од областа на културата чиј што основач е Градот Скопје: ЈУ Младински културен центар, ЈУ Зоолошка градина, ЈУ „Универзална сала“, ЈУ Музеј на град Скопје, ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“, ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин“, ЈУ Детски културен центар „Карпош“ и ЈУ Културно информативен центар.

Во оваа програма влегуваат активности, манифестации, творештво, фестивали и проекти од областа на културата како дел од програмските активности што ќе се реализираат од страна на јавните установите од областа на културата, чиј основач е Град Скопје, но и програми чие остварување ќе биде во надлежност на Одделението за култура, Сектор за јавни дејности, а ќе се реализираат од страна на други чинители.

Со оваа Програма ќе се реализираат и остварат и капиталните инвестиции на Град Скопје во културата, градежни и инфраструктурни активности и набавка на опрема во јавните установи од областа на културата чиј основач е Град Скопје, но и капитални инвестиции во културата чие што остварување ќе биде во надлежност на Одделението за култура при Секторот за јавни дејности, а ќе се реализираат од страна на економски оператори избрани со соодветна постапка.

Врз основа на горенаведеното се предлага на Советот на Град Скопје да ја донесе предложената програма.